**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-781/10**
**Скопје, 05.12.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „СТАРАВИНА„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Старавина за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Општина Старавина за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Ристе Момоковски, Градоначалник на општина Старавина за периодот од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 05.09. до 07.09.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Стојан Николовски - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во

согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Правилникот за организација и систематизација на работите и работните задачи на општина Старавина не е усогалсен во законски определениот рок, согласно член 91 и 94 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02).
Неусогласувањето допринесува да неможе да се изврши потполнување на оптималните работни места неопходни за извршување на работите и задачите.
**Препорака:**
По овие наоди ревизијата не дава препорака од причини што е извршено припојување на општина Старавина кон општина Новаци согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија ( Службен весник на РМ. број 55/04) .

**10.2. Неправилности во искажување на расходите/приходите**

10.2.1. Ставката Трансфери и донации, во Билансот на приходи и расходи е потценета за износ од 3.180 иљади денари за колку е потценета ставката Капитални расходи, и тоа:

- За извршеното плаќање по пат на договор за цесија помеѓу Бирото за недоволно развиени подрачја, ГД Гранит А.Д. Скопје и Општина Старавина за изградба - асфалтирање на локален пат Старавина Будимирци на износ од 3.000 иљади денари, и
- За извршеното плаќање по пат на договор за цесија помеѓу Фондот за магистрални и регионални патишта, ГД Гранит АД Скопје и Општина Старавина на износ од 180 иљади денари.

Овие трансакции не се спроведени преку сметката на буџетот на единицата на локалната самоуправа, ниту се евидентирани во сметководствената евиденција на буџетот на единицата за локална самоуправа, поради што се потценети приходите и расходите за наведениот износ. Ова од причина што субјектите кои ги обезбедуваат средствата истите ги дозначуваат директно на изведувачите.

**Препорака:**

При извршување на плаќања по пат на цесии, истите треба да се спроведуваат преку сметката на единицата за локална самоуправа преку носителот на платен промет како не би се нарушил буџетскиот принцип на евидентирање во сметководството.

11. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.2. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Старавина на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Буџетот на општина Старавина е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје 02.12.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**Буџет на ЕЛС Старавина**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 2,164 | 1,742 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 14 | 64 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 2,497 | 1,935 |
| **Вкупно приходи** | | **4,675** | **3,741** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 1,395 | 1,107 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 1,380 | 1,025 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 59 | 31 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2,834** | **2,163** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 1,270 | 707 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,270** | **707** |
| **Вкупно расходи** | | **4,104** | **2,870** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **571** | **871** |

**Буџет на ЕЛС СТАРАВИНА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 587 | 871 |
| **Вкупно тековни средства** | | **587** | **871** |
| **Вкупна актива** | | **587** | **871** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 4.2.1. | 16 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 571 | 871 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **587** | **871** |
| **Вкупна пасива** | | **587** | **871** |